Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за неусвојување на Решение за запирање на објавување на Одлука за усвојување на барање за одобрување на финансиска помош на заедница на сопственици на посебни делови на станбена зграда Кула 2 што се наоѓа на ул„ Самоилова“ се објавува согласно член 51 став 3 од Законот за локална самоуправа.
2. Одлуката бр.08-1317/1 од 30.06.2023 година се објавува согласно член 51 став 3 од Законот за локална самоуправа.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09-1444/1**
**24.07.2023 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**Димчо Атанасовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Сл. гласник на општина М. Каменица бр. 20/19, 38/20), Советот на општина Македонска Каменица на 26та седница одржана на ден 24.07.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**

**За неусвојување на Решение за запирање на објавување на Одлука бр. 08-1317/1 од 30.06.2023 година на заедницата на сопственици на посебни делови на станбена зграда Кула 2 што се наоѓа на ул„ Самоилова“, за одобрување на финансиска помош за покривање на трошоците за поправка и сервисирање на лифтот**

**Член 1**

Советот на општина Македонска Каменица не го усвои Решението за запирање на објавување на Одлука бр. 08-1317/1 од 30.06.2023 година на заедницата на сопственици на посебни делови на станбена зграда Кула 2 што се наоѓа на ул„ Самоилова“, за одобрување на финансиска помош за покривање на трошоците за поправка и сервисирање на лифтот.

Решението бр. 09-1354/1 од 06.07.2023 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Број 08-1445/1**
**24.07.2023 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/9 и 38/20), Советот на општина Македонска Каменица на 25та седница одржана на ден 30.06.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на барање за одобрување на финансиска помош**

**Член 1**

Советот на општина Македонска Каменица го усвои барањето бр.08-1268/1 од 28.06.2023 година на заедницата на сопственици на посебни делови на станбена зграда Кула 2 што се наоѓа на ул„ Самоилова“, за одобрување на финансиска помош за покривање на трошоците за поправка и сервисирање на лифтот.

Барањето на заедницата на сопственици на посебни делови на станбена зграда Кула 2 што се наоѓа на ул„ Самоилова“ е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Од Буџетот на општина Македонска Каменица од Програма А0, ставка 464, потставка 464990 – други трансфери, да се исплатат парични средства во износ од 415.618,00 денари на сметката на фирмата изведувач „ДАКАЛИФТ ГРУП ДООЕЛ“ Скопје.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Број 08-1317/1**
**30.06.2023 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за условите начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија, правните лица во областа на спортот и здруженија на граѓани бр.08-1300/1 од 30.06.2023 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09-1446/1**
**24.07.2023 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**Димчо Атанасовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Сл. гласник на општина М. Каменица бр. 20/19, 38/20), Советот на општина Македонска Каменица на 26[та] седница одржана на ден 24.07.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**

**За измена и дополнување на Правилникот за условите начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија, правните лица во областа на спортот и здруженија на граѓани бр.08-1300/1 од 30.06.2023 година**

**Член 1**

Правилникот за условите начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија, правните лица во областа на спортот и здруженија на граѓани бр.08-1300/1 од 30.06.2023 година („Сл. гласник на општина М. Каменица бр. 25/2023 од 06.07.2023 година ), се менува и дополнува така што:

Во член 11 се додава нов став 6 кој гласи:

-Советот со мозинство гласови ги одредува сумите што се одобруваат на спортските клубови, спортските здруженија, правните лица во областа на спортот и здруженија на граѓани.

Во член 17 зборот Градоначалник се заменува со зборот Совет на општина Македонска Каменица.

Во членот 30 ставот 2 се брише.

Во член 35 ставот 6 се менува и гласи:

-Комисијата доставува предлог листа до Советот кој одлучува со мнозинство гласови за доделување на финансиска помош.

Во член 41 зборот Градоначалник се заменува со зборот Совет на општина Македонска Каменица.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Број 08-1447/1**
**24.07.2023 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решение**

1. Се прогласува Решение за формирање на комисија за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани од Буџет на општина Македонска Каменица за 2023 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09- 1448/1** **Градоначалник**
**24.07.2023 г.** **Димчо Атанасовски с.р**
**М.Каменица**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 33 и член 34 од Правилникот за условите начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија, правните лица во областа на спортот и здруженија на граѓани бр.08-1300/1 од 30.06.2023 година („Службен гласник на Општина М.Каменица“ бр.25/2023) и член 20 од Статутот на Општина М.Каменица („Службен гласник на Општина М.Каменица“ бр.20/19 и 38/20), Советот на Општина Македонска Каменица на 26та седница одржана на ден 24.07.2023 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на Претседател и членови на Повремена комисија за доделување на финансиска помош на граѓански здруженија**

**Член 1**

За Претседател и членови на Повремената комисија за доделување на финансиска помош на граѓански здруженија се именуваат:

1.Анета Стојчевска - Претседател
2.Драги Стојковски - Член
3.Мите Миленковски - Член
4.Александар Милошевски - Член
5.Сара Максимова - Член

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Број 08-1449/1** **Совет на општина М.Каменица**
**24.07.2023 г.** **Претседател**
**М.Каменица** **Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на барање за одобрување на парични средства на Здружение на пензионери Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09-1450/1** **Градоначалник**
**24.07.2023 г.** **Димчо Атанасовски с.р**
**М.Каменица**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/9 и 38/20), Советот на општина Македонска Каменица на 26$^{та}$ седница одржана на ден 24.07.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на барање за одобрување на парични средства**

**Член 1**

Советот на општина Македонска Каменица го усвои барањето бр.08-1327/1 од 03.07.2023 година на Здружение на пензионери Македонска Каменица за одобрување на парични средства за покривање на трошоците за организирање на манифестацијата „Бабина Баница“

Барањето на Здружение на пензионери Македонска Каменица Македонска Каменица е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Од Буџетот на општина Македонска Каменица од Програма А0, ставка 463, потставка 463110 – совет на општина, ќе се исплатат парични средства во износ од 70.000,00 денари на сметката на Здружение на пензионери Македонска Каменица.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Број 08-1451/1** **Совет на општина М.Каменица**
**24.07.2023 г.** **Претседател**
**М.Каменица** **Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на барање на СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Мекедонска Каменица за давање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2023/2024 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09-1452/1**
**24.07.2023 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**Димчо Атанасовски с.р**

Врз основа на член 28 став 4 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија” бр.44/95, 16/96, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 41/01, 29/02, 52/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 51/05, 55/05, 113/05, 03/06, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/17, 64/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.161/19 и 229/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Советот на општина Македонска Каменица на 26$^{та}$ седница одржана на ден 24.07.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Миле Јаневски Џингар” Македонска Каменица за учебната 2023/2024 година**

**Член 1**

Советот на општина Македонска Каменица дава согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од законски утврдениот лимит од 25 ученика за учебната 2023/2024 година во СОУ „Миле Јаневски Џингар” Македонска Каменица.

Барањето на СОУ „Миле Јаневски Џингар” Македонска Каменица е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Број 08-1453/1**
**24.07.2023 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за измена на годишна Програма за донесување на урбанистички планови и урбанистички проекти на територијата на општина Македонска Каменица за 2023 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09-1454/1** **Градоначалник**
**24.07.2023 г.** **Димчо Атанасовски с.р**
**М.Каменица**

Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“бр.32/2020), и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Службен гласник на Општина М.Каменица“ 20/19, 38/20), Советот на општина Македонска Каменица на 26[та] седница одржана на ден 24.07.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**

**За измена на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2023 година**

**Член 1**

Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на Општина Македонска Каменица за 2023 година заведена под број 08-2511/1 од 28.12.2022 година се дополнува така што:

Во дел II точка 2 - Урбанистички планови за села точка 4 се менува и гласи:

- Урбанистички план за вон населено место ( УПМНВ) за комплекс на рудник Саса, КО Саса општина македонска Кмаеница.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Број 08-1455/1** **Совет на општина М.Каменица**
**24.07.2023 г.** **Претседател**
**М.Каменица** **Анета Стојчевска с.р**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“ бр.20/2019 и 38/20), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на барање на Градоначалникот на општина Македонска Каменица за одобрување на парични средастав на ЗГ„ФК-Каменица Саса“ Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09-1456/1**
**24.07.2023 г.**
**М.Каменица**

**Градоначалник**
**Димчо Атанасовски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 20 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/9 и 38/20), Советот на општина Македонска Каменица на 26[та] седница одржана на ден 24.07.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на барање за одобрување на парични средства**

**Член 1**

Советот на општина Македонска Каменица го усвои барањето бр.08-1438/1 од 24.07.2023 година поднесено од Градоначалникот на општина Македонска Каменица за одобрување на парични средства на ЗГ„ФК -Каменица Саса“ Македонска Каменица.

Барањето на Градоначалникот на општина Македонска Каменица е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Од Буџетот на општина Македонска Каменица од Програма Л0, ставка 463, потставка 463120 - спорт и рекреација, ќе се исплатат парични средства во износ од 1.000.000,00 денари на сметката на ЗГ„ФК –Каменица Саса“ Македонска Каменица.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Број 08-1457/1**
**24.07.2023 г.**
**М.Каменица**

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Анета Стојчевска с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за прогласување на Одлука за неусвојување на Решение за запирање на објавување на Одлука на Совет бр.09-1354/1 од 06.07.2023 година....................стр.1

2. Одлука за неусвојување на Решение за запирање на објавување на Одлука на Совет бр.09-1354/1 од 06.07.2023 година............................................................стр.1

3. Одлука за усвојување на барање за одобрување на финансиска помош на заедница на сопственици на посебни делови на станбена зграда Кула 2 што се наоѓа на ул„ Самоилова“...........................................................................................................стр.2

4. Заклучок за прогласување на Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за условите начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија, правните лица во областа на спортот и здруженија на граѓани бр.08-1300/1 од 30.06.2023 година................стр.2

5. Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за условите начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија, правните лица во областа на спортот и здруженија на граѓани бр.08-1300/1 од 30.06.2023 година........................................................................стр.3

6. Заклучок за прогласување на Решение за формирање на комисија за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани од Буџет на општина Македонска Каменица за 2023 година...........................................................................стр.4

7. Решение за формирање на комисија за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани од Буџет на општина Македонска Каменица за 2023 година..................................................................................................стр.4

8. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на барање за одобрување на парични средства на Здружение на пензионери Македонска Каменица.............стр.5

9. Одлука за усвојување на барање за одобрување на парични средства на Здружение на пензионери Македонска Каменица.................................................................стр.5

10. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на барање на СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Мекедонска Каменица за давање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2023/2024година..................стр.6

11. Одлука за усвојување на барање на СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Мекедонска Каменица за давање на согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2023/2024година..................................................................стр.6

12. Заклучок за прогласување на Одлука за измена на годишна Програма за донесување на урбанистички планови и урбанистички проекти на територијата на општина Македонска Каменица за 2023 година..................................................стр.7

13. Одлука за измена на годишна Програма за донесување на урбанистички планови и урбанистички проекти на територијата на општина Македонска Каменица за 2023 година....................................................................................................стр.7

14. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на барање за одобрување на парични средаства на ЗГ„ФК-Каменица Саса“ Македонска Каменица................стр.8

15. Одлука за усвојување на барање за одобрување на парични средаства на ЗГ„ФК-Каменица Саса“ Македонска Каменица..................................................................стр.8

16. Содржина……………………………………………………………………...............стр.9-10